| Неделна Тема | Празнуваме, се радуваме |
|---|---|
| **Содржина на денот** | Македонско народно творештво |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Сања Ѓуреска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на културно- хигиенски навики за одржување на чиста и уредна облека и нејзино подредување. |
| **Активности** | Активноста започнува со краток разговор за македонското народно творештво, разговор за македонските народни приказни кои се дел од нашето национално богатство. Потоа предложете му на детето да следите македонска народна приказна. Поттикнете го детето внимателно да ја следи приказната, да ја набљудува облеката на луѓето која што ја носат (македонска народна носија) која е белег на нашата традиција и на нашите обичаи, да ги воочуваат предметите кои ги користат за јадење и пиење ( бардак, грне, ваган и сл.), со внимание да ја воочуваат градбата на куќите и начинот на живеење.<br><br>Откако ќе завршите со следење на македонската народна приказна, разговарајте со детето за облеката која ја носеле нашите претци во минатото и направете една компарација за начинот на облекување во современите услови на живеење. Преку слики водете разговор за македонската народна носија (се нарекува народна носија бидејќи е традиционална историска облека, има вековна традиција и е дел од материјалната култура на македонскиот народ). Именувајте ги деловите на народната носија ( фута, појас, елек, кошула, опинци и др.) и опишувајте ги деловите на народната носија (народната носија е украсена со парички, накит, разни украси, изработена од текстилен материјал, обоена во разни бои и тонови, украсена со разновидни извезени или вткаени мотиви и шари кои се карактеристични за селото |

| | |
|---|---|
| | или областа во која се носат, постои машка и женска народна носија, исто така постоеле народни носии за работни денови и носии за разни свечености).<br><br>На крајот од активноста предложете му на детето да декорира дел од народна носија со дрвени бои ( на лист од блок исцртајте контура на дел од народна носија).<br><br>На крајот секогаш пофалете ја изработката на детето.<br><br>‣Во прилог линк од македонската народна приказна „Грнчар“: https://www.youtube.com/watch?v=BbA0HekyFkg |